Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

102 години

Број 566 | www.mchamber.mk | 10.05.2024

## ДОДЕЛЕНИ ГРАНТОВИ ОД ТРЕТИОТ ПОВИК НА РЕГИОНАЛНИОТ ФОНД ЗА ПРЕДИЗВИЦИ




КАКО ДА СЕ ИЗЛЕЗЕ ОД МАЃЕПСАНИОТ КРУГ НА НИЗОК ЕКОНОМСКИ РАСТ?

БЕЗ ВКЛУЧЕНОСТ НА ЗДРЖЕНИЈАТА И АСОЦИЈАЦИИТЕ ВО ОБРАЗОВНИТЕ ПРОЦЕСИ НЕМА КВАЛИТЕТНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

ТРИАГОЛНИКОТ МЕНТОР-УЧЕНИК-КООРДИНАТОР ЗА УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА-АЛАТКА ЗА КВАЛИТЕТНА ПРАКТИЧНА ОБУКА

ДИГИТАЛИЗАЦИЈА: ПРОМОВИРАНА НОВА АЛАТКА ЗА МЕРЕЊЕ НА ДИГИТАЛНАТА ЗРЕЛОСТ НА ГРАДЕЖНИТЕ КОМПАНИИ

**14.05.2024, Семинар**
**САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ - ТРАНЗИЦИЈА ОД ISO/IEC 27001:2013 на ISO/IEC 27001:2022**

**15.05.2024, Семинар**
**„ОСНОВИ НА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО КОМПАНИИТЕ – DATA PROTECTION IN A NUTSHELL“**

**16.05.2024, Семинар**
**ДАЛИ РАБОТНИКОТ МОЖЕ ДА РАБОТИ НАД ПОЛНОТО РАБОТНО ВРЕМЕ КАЈ ДРУГ РАБОТОДАВАЧ? КАКВА СОГЛАСНОСТ Е ПОТРЕБНА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО РАБОТЕЊЕ? КОИ СЕ ОБВРСКИТЕ НА ПОСТОЈНИОТ РАБОТОДАВАЧ? КАКО СЕ РЕГУЛИРАНИ ПРЕКУВРЕМЕНАТА И НОЌНАТА РАБОТА?**

**16.05.2024, Брокерски настан**
**Покана за учество на меѓународни Б2Б состаноци од области на синиот раст, заштита на животната средина, одржлив туризам и социјална кохезија, во Шибеник, Хрватска на 16.05.2024 година**

**20.05.2024, Семинар**
**„МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?“**

**21.05.2024, Семинар**
**“ФИНАНСИСКО МОДЕЛИРАЊЕ И СЦЕНАРИО АНАЛИЗА СО ПРИМЕНА НА ЕКСЕЛ”**

**28.05.2024, Семинар**
**ПРИМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ ПРИ ЗАВЕДУВАЊЕ НА БАРАЊА ЗА ГОДИШЕН ОДМОР, РЕШЕНИЈА ЗА ГОДИШНИ ОДМОРИ И РЕШЕНИЈА ЗА ПРОПОРЦИОНАЛЕН ДЕЛ ОД ГОДИШНИОТ ОДМОР ПРЕКУ ПРАКТИЧНИ ПРИМЕРИ, ИСКУСТВА И СЛУЧАИ ОД ПРАКСА**

**11.06.2024, Семинар**
**Специјалистички еднодневен семинар: АКВИЗАЦИЈА НА НОВИ КЛИЕНТИ - СТЕКНУВАЊЕТО НА НОВИ ПОТРОШУВАЧИ КАКО КЛУЧНА МОЖНОСТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОДУКТИВНОСТА**

# ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## КОМОРА НА КАРИЕРНА НЕДЕЛА НА МЕЃУНАРОДЕН БАЛКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ





Продолжуваат серијата активности со кои преку Советот за унапредување на високото образование и стратешките истражувања при Стопанската комора на Северна Македонија, со кои се дава можност за афирмација на кариерниот развој на идните академски граѓани, нивно запознавање со потенцијалните работодавачи, но и со можностите кои различни сектори ги нудат на пазарот на труд.

Во периодот од 22-26 април во организација на Меѓународниот Балкански Универзитет се реализира „Кариерна недела на МБУ", кој опфаќа низа настани, сесии и работилници кои имаат за цел кариерно да ги насочуват студентите запознавајќи ги со перспективите кои пазарот на труд и можностите за кариерен раст и развој.

Поздравни обраќања имаа проф. д-р Љутфи Сунар, ректор на МБУ, проф. д-р Мевлудин Ибиш, проректор на МБУ и Ѓорѓи Ристов, претставник на Кариерниот центар при МБУ.Во рамки на официјалното отварање на кариерната недела, на сесијата насловена „Истражување на македонскиот пазар на труд: можности и предизвици", свое обраќање имаше и м-р Михајло Донев, претседател на Советот за унапредување на високото образование и стратешките истражувања, кој порача дека студентите во нивниот процес на академска трансформација треба да бидат свесни за побарувачката на пазарот на трудот бидејќи тој фактор е важна детерминанта во процесот на барање работа. Околу 48,7% од слободните работни места побаруваат високо образование и најголемиот дел од нив се во секторите: продажба на недвижности, услуги за сместување и храна, забаа и рекреација, производство и административни и помошни услуги. Донев на студентите им порача дека образованието не застанува по дипломирањето, доживотното учење, доквалификацијата и постојаното вложување во нови вештини се значајни за кариерен успех, а големо значење имаат и меките вештини и трансферзалните вештини кои се подеднакво важни во секој сектор, како и техничките вештини кои носат примена на ИКТ во секоја дејност.

Во рамки на Кариерната недела, во периодот од 22 и 23 април 2024 година на платото на МБУ се одржа и Саем за вработување, на кој компании дваесетина членки на Стопанската комора на Северна Македонија имаат можност да ги претстават можностите за вработување и кариерен развој на апсолвентите, додека бруцошите имаа можност да се информираат за можноста за реализација на практична обука, како за време на студирањето, така и по завршувањето на студиите. Претседателот на Советот за унапредување на високото образование, м-р Донев и претставникот на Центарот за кариера на МБУ, Ѓорѓи Ристов ги посетија сите штандови на компаниите и продискутираа со претставниците на компаниите околу потенцијалите за соработка и можностите кои секоја од компаниите ги нудат. На дводневниот Саем за вработување учествуваа: Халкбанк АД Скопје, Халк Осигурување, НЛБ Банка АД Скопје, Шпаркасе банка АД Скопје, Уни Банка АД Скопје, ФД Флекс Кредит ДОО Скопје, ФД СН Финансии Битола, Лидл Северна Македонија, ЕВН Македонија, Триглав Осигурување, Кроација Осигурување, ТАВ Аеродроми, Адиент Сеатинг Штип, Даути-Комерц, Рамстор, Бе-Да Логистик, Слајс, Микросам Прилеп, Кодинг Горска и Малиќи Груп.

# Како да се излезе од маѓепсаниот круг на низок економски раст?




Во мега интервју за „Економија и бизнис" претседателот на Стопанската комора Бранко Азески зборува за состојбите во државата, за економските потенцијали на компаниите, стратешките документи на Комората, како и за очекувањата на бизнисот по изборите. Во продолжение го пренесува целиот разговор, што во име на "Економија и бизнис" го водеше новинарот Митко Јовановски.

Државава мора да почива на вредности, не на апсурди. Нели е апсурдно сè уште да не е законски дефиниран холдингот, да имаш градежна оператива што градела низ цел свет, а да не можеш да ја изградиш сопствената држава, да увезуваш работна сила од Непал и од Бангладеш, а да „извезуваш" квалификувани работници во Европската Унија? Не изградивме сами ни еден километар железничка линија која поминува низ нашава држава (пругата кон Солун е градена за време на Отоманската Империја, кон Битола во време на владеење на Србите, кон Кочани за време на владеење на Бугарите). Не е реално да очекуваме брз развој на една држава ако самата не е подготвена да изгради функционална инфраструктура за бизнисот.

Стопанската комора на Северна Македонија работи веќе 102 години. Како ја оценувате нејзината работа, нејзината улога и местото што го има во нашево општество?

Б. Азески: Нашето патешествие трае 102 години. Фактот дека постоиме толку време зборува за нашата вредност и за квалитетот на коморското организирање. Тоа го докажавме и во последниве 20 години на коморски плурализам. И во услови на доброволно членство, Стопанската комора на Македонија е лидер во заштитата на интересите на бизнисот. Изминативе години дејствуваме како финансиски стабилна и моќна институција зад која стојат сите наши компании членки. Во современиот свет кон кој се стремиме, стопанските комори се на трето место по важност меѓу институциите во една држава и со своето значење и влијание се веднаш по парламентот и владата. За жал, не можам да кажам дека сме ги изградиле парламентот и владата кои треба да ги следат потребите на економските субјекти во државава и како институции кои треба да ја градат пазарната економија и правната држава со што ќе се определи и вистинското место на бизнисот во државава. Но, можам да потврдам дека тоа тешко ни оди. Накусо кажано, се соочуваме со повеќе ПР, а помалку суштина, со повеќе зборови, помалку работење. Јас ја водам комората со цел бизнисот да биде ослободен од сите административни бариери што ја попречуваат конкуренцијата на пазарот и оневозможуваат создавање на повисок профит за компаниите. Непримерно е компаниите да комуницираат директно и во лични контакти со високи претставници во извршната власт за да решат некој тековен проблем. Нашата главна цел како Комора е да бидеме гласот на компаниите. Ние сме во служба на компаниите и нашата улога е да создадеме услови и претпоставки за фирмите да имаат подобри услови за работа. Нашата основна функција е да им помогнеме на компаниите за две клучни прашања: подобрување на нивната конкурентна способност која се верификува преку поголем извоз. Второто е зголемување на профитите.

Истовремено мора да се држи чекор со трендовите што ја носат иднината. Расте свеста за потребата од тимови на луѓе за прилагодување кон новата економска реалност и употребата на нови технологии, на вештачка интелегенција, на обновливи извори на енергија, на процесот на декарбонизација итн.



Во просек, од осамостојувањето на земјава наваму македонската економија има раст кој просечно годишно е помал од 2 %. Според извештајот на Светска банка, во 2023 година растот на македонската економија изнесувал само 1 % и е најмал во регионот на Западен Балкан. И проекцијата за растот на македонската економија за 2024 година укажува на најнизок очекуван раст во регионот. Кои се, според вас, клучните слабости на македонската економија кои треба да се надминат за да се оствари повисок раст? Кои се неискористените потенцијали на македонската економија?

Б. Азески: Македонија имаше исклучително лош старт од нејзиното осамостојување. Ја имавме Лисабонската декларација, српското ембарго, па грчката блокада, па војните во поранешна Југославија, имавме конфликт во сопствениот двор, ни се случи финансиска криза, економска криза, па повторно војна на европско тло. Мора да признаеме дека нискиот раст е остварен во вакво неповолно безбедносно и економско опкружување и услови. Но, вистинското прашање е зошто другите остваруваа повисоки стапки на раст. Се разбира, тоа е поради самодовербата. Во овие 32 години, самите говориме за тоа дека состојбата ни е тешка, дека не можеме сами, мали сме, не можеме да се разбереме итн. Никаде не можеме да слушнеме за позитивен пример и за работи што ни даваат оптимизам. Да ја шириме вербата дека можеме да успееме како нација и економија. Наместо тоа слушаме пароли и навреди. Тоа е нашиот амбиент во кој секој сè знае. За водењето на бизнисот има многу сезнајковци, па ги учат бизнисмените што треба да прават. Доаѓаме до одговорот на прашањето дали може во ваков општествен амбиент да се изгради систем кој ќе овозможи поголем раст. Бизнисот бара стабилност и предвидливост, мудрост, но и преземање ризик. Затоа често го истакнувам мојот став дека на македонските бизнисмени треба да им се додели орден за издржливост. И овој скромен економски развој е постигнат во крајно неповолни околности.

Се разбира, прашање над сите прашања е дали со годишни стапки на реален раст од 2 до 3 % можеме некаде да стигнеме. Одговорот е, не можеме никаде да стигнеме.

Нашите предности остануваат географската местоположба на земјава, нашата дијаспора, можностите за развој на рударството, фармацевтската дејност, индустријата, развојот на новите технологии, сточарството и младата популација...

Вие сте автор на онаа позната изрека дека „не може да има хотел со пет ѕвездички во земја со три ѕвездички". Дали проблемите на македонската економија можат да се решат само со економски мерки или се потребни и пошироки промени во самото општество?

Б. Азески: Самодовербата, имплементацијата и одговорноста се трите волшебни збора за успешен и брз развој на едно општество и економија. За самодовербата зборував во претходното прашање. Вториот клучен збор е имплементацијата. Кој не може да го исполни тоа што е донесено како законски пропис мора и да си поднесе одговорност. Доволно ни се ветувања во стилот „ќе биде". Мора конечно да кажеме дека нешто е завршено и имплементирано. Мора да се престане со навиката за неподнослива леснотија во давањето на ветувања кои потоа никој не ги исполнува. Не може да се даваат ветувања дека нема да се зголемуваат даноците, а потоа тие да се покачуваат. Или ќе кажеме дека недела нема да биде неработен ден, а потоа ја прогласуваме за неработен ден...

Државава мора да почива на вредности, не на апсурди. Нели е апсурдно сè уште да не е законски дефиниран холдингот, да имаш градежна оператива што градела низ цел свет, а да не можеш да ја изградиш сопствената држава, да увезуваш работна сила од Непал и од Бангладеш, а да „извезуваш" квалификувани работници во Европската Унија? Не изградивме сами ни еден километар железничка линија која поминува низ нашава држава (пругата кон Солун е градена за време на Отоманската Империја, кон Битола во време на владеење на Србите, кон Кочани за време на владеење на Бугарите). Не е реално да очекуваме брз развој на една држава ако самата не е подготвена да изгради ни пет километри пруга.

# ДОДЕЛЕНИ ГРАНТОВИ ОД ТРЕТИОТ ПОВИК НА РЕГИОНАЛНИОТ ФОНД ЗА ПРЕДИЗВИЦИ



Стопанската комора на Северна Македонија беше домаќин на доделувањето на грантовите во рамки на Третиот повик на Регионалниот фонд за предизвици (RCF), кој како инструмент е дизајниран да ја подобри одржливата конкурентност на бизнисите во земјите од Западен Балкан на патот кон ЕУ и да ја зголеми вработливоста на младите преку финансирање на обрзавони програми кои се однесуваат на потребата од добро обучена и квалификувана работна сила.

На настанот се обрати м-р Антони Пешев, извршен директор на Стопанската комора на Северна Македонија кој пред присутните направи осврт на превземените активности од страна на Комората во насока на афирмирање на стручното образование и обука, преку вклучување на приватниот сектор во профилирањето на стручен кадар кој брзо ќе се интегрира на пазарот на труд. Пешев додаде дека Комората во изминатиот период ја имаше клучната улога во вклучувањето на приватниот сектор во дуалното образование преку обучување на повеќе од 1200 ментори од над 560 работодавачи.

Средствата за грантовите во рамки на Регионалниот фонд за предизвици се обезбедени од Министерството за економска соработка и развој на Сојузна Република Германија во износ од 64,43 милиони евра, во иницијативата се приклучи и Владата на Швајцарија преку Швајцарската агенција за развој и соработка која вложи дополнителни 9,7 милиони швајцарски франци.

Н.Е. Петра Дрекслер, амбасадор на Сојузна Република Германија зборуваше за потребата на усогласување на образовниот систем и потребата за работна сила во приватниот сектор: „Тука настапува Регионалниот фонд за предизвици – работејќи како поврзувач помеѓу образовните институции и потребите на приватниот сектор. Токму затоа потребни се измени во образовниот систем и образовните програми што изискува меѓусебна соработка на сите заинтересирани страни“.

Н.Е. Лусиен Ергетер, заменик-шеф на мисијата на Амбасадата на Швајцарија исто така истакна дека преку Швајцарската агенција за развој и соработка се поддржуваат иницијативите за градење синергија помеѓу образовните институции и приватниот сектор, а токму вклучувањето во финансирањето на Фондот од 2022 година со дополнители 10 милиони евра овозможува да се инвестира во дополнителни проекти во рамки на Третиот повик.

Мориц Реме, директор на канцеларијата на Германската банка за равој (KfW) за Северна Македонија и Косово истакна дека на три отворени повици до сега, RCF ангажирал 7,13 милиони евра за поддршка на вкупно 16 проекти за стручно образование и обука од Северна Македонија, со 85 партнерски претпријатија. Остануваме посветени на придонесот кон економскиот раст на земјата со надградба на вештините и знаењата на младите за да произведеме работоспособна работна сила што е потребна на компаниите“, рече г-дин Мориц Реме.



Обраќање на настанот имаше и д-р Татјана Штерјова Душковска, генерален секретар на Коморскиот инвестициски форум за шесте земји на Западен Балкан која изјави дека шесте економии од регионот имаат различни институционални подесувања кога станува збор за системот на стручно образование, пристапот кон дуалното образовани или учењето преку работа, но предизвиците за обезбедување на квалификувана работна сила која ќе одговори на потребите на денешните економии се исти во сите шест економии, а главната додена вредност на Регионалниот фонд за предизвици е токму неговиот интрарегионален ефект. Штејова Душковска додаде дека во рамки на фондот дадена е поддршка на 99 проекти, кои добиваат 44 милиони евра во грантови, менувајќи ја сликата на стручно образование и обука низ регионот, но исто така ширејќи многу позитивен ефект низ регионот во областа на развој на човечки капитал и транзицијата на Западен Балкан кон зелени и дигитални економии.

Во рамки на третиот повик на Регионалниот фонд за предизвици беа поддржани два конзорциуми:

- Првиот конзорциум е предводен од Центарот за семејна медицина, Медицински факултет, Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и се однесува на проектот: „Образование со мобилна симулација за обука (SIM Mobile)“ како одговор на барањата на домовите за стари лица и примарната здравствена заштита и ќе работи на овозможување висококвалитетна опрема за учење на далечина за извршување симулации и развој на е-алатки за медицински сестри, старатели за постари и палијативни пациенти.

Партнери на проектот се приватни установи за социјална грижа на стари лица:

Приватна социјална установа, Дом за стари лица „Светла надеж“, Скопје
ПСУ, Дом за стари лица „Руски“, Скопје;
ПСУ, Дом за стари лица „Дом-Жана“, Неготино;
ПСУ, Дом за стари лица „Астреон“, Радовиш;
ПСУ, Дом за стари лица „Дом Софија“, Битола;
ПЗУ Д-Р Мито Дагалев, с. Миравци, Гевгелија;
ПЗУ „Вита Катерина“, с. Буковиќ
ПЗУ „д-р Маја Катранџиска Џонлага“, Струмица
ПЗУ „Интермедика“, Радовиш

*Вредноста на инвестицијата е 362.005 евра.*

Вториот конзорциум е предводен од средното општинско техничко училиште „Горги Наумов“ – Битола и се однесува на проектот „Мост до успешна кариера“ со цел Зајакнување на практични вештини со најсовремена опрема и ќе произведува високо квалификувани техничари за индустриска мехатроника, техничари за електрична енергија и електротехничари за компјутерска технологија и автоматизација. Нивниот проект ќе воведе модерна образовна опрема која одговара на онаа што денес се користи во електротехничката индустрија.

Партнери на проектот се:

Кромберг и Шуберт Македонија, Битола,
ФОД ДООЕЛ, Новаци
Анлимитед Кодерс, Битола;
АЈ Сорс, Битола
Камај Медиа, Дооел, Битола;
Кимиком Груп ДОО, Битола
Јавен смарт, Битола
Проенерго ДОО, Битола.

*Вредноста на инвестицијата е 589.900 евра.*

# БЕЗ ВКЛУЧЕНОСТ НА ЗДРЖЕНИЈАТА И АСОЦИЈАЦИИТЕ ВО ОБРАЗОВНИТЕ ПРОЦЕСИ НЕМА КВАЛИТЕТНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ



Учењето од добри практики и пренесување на позитивните искуства за зајакнување на улогата на компаниите, асоцијациите, здруженијата, групациите и другите форми на бизнис здружување како соодветни партнери на државата за подобрување на квалитетот на стручното образование, беше целта на дводневната студиска посета во Цирих, Швајцарија (25-25 април 2024 година) на претставници од здруженијата и групациите во рамките на Стопанската комора. Студиската посета се реализира со поддршка преку програмата „Образование за вработување (Е4Е)", која е финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), која има за цел системска промена на средното стручно (формално и неформално образование) во Македонија.

Во рамките на студиската посета, претставници од 3 компании, Гранит АД, Скопје; Македонија турист, Скопје и ЈКП Дервен, Велес од здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите, здружението на угостителството и туризмот и здружението на комуналните дејности имаа можност, во рамките на посетата на здружението за градежништво во Цирих, да се запознаат со успешните практики на организираноста, работењето и активностите на здруженијата во Швајцарија, со посебен осврт на нивното учество и на активностите што ги преземаат во делот на образованието за подобрување на квалитетот на истото и испорака на соодветен кадар со потребните компетенции барани од бизнисот. На претставниците од здруженијата им беа презентирани активностите како компаниите придонесуваат за развојот на здружението, како здружението ги поддржува и им помага на компаниите, како здружението лобира во областите поврзани со образованието и сл.

Важен дел од активностите беше и посетата на Швајцарска федерација за образование на возрасните (SVEB), каде претставниците на здруженијата од Македонија се запознаа со начинот на реализација на практичната обука во стручното образование преку дискусија со учесник кој реализира практична обука во оваа институција, како и со активностите на здруженијата во неформалното образование и улогата на оваа организација во одржливоста на квалитетот во реализацијата на обуки за обучувачи за одредени квалификации, процесот на одобрувањето на програмите за обука и испитните програми за стекнување јавен документ со учеството во овие програми.



Пред тргнувањето на студиската посета како подготвителна активност, учесниците имаа можност да добијат сознанија за системот на стручно образование, преку презентацијата Мариане Милер (Marianne Müller), проектен менаџер за меѓународни односи и истражување од Швајцарска федерација за образование на возрасните – SVEB.

Студиската посетата во Швајцарија, е продолжување на активностите на Комората, преку учење од добри практики, за јакнење на капацитетите на здруженијата и групациите во рамките на Комората, за нивно вклучување во образовниот систем во насока на обезбедување квалитетно и функционално стручно образование во испораката на квалификуван и оспособен кадар по мерка на бизнисот.

Целта на состанокот беше преку интерактивна дискусија македонските компании и претставниците на здруженијата при Комората да дадат свое видување за актуелните состојби, вклученоста во креирањето на образовни политики, успешноста на моделот и потребата од негово прилагодување согласно бизнисот. Во своите излагања како клучен проблем компаниите го истакнаа недостигот и немањето начин како да се стигне до потребен кадар воопшто без да се зборува за потребни квалификации. Одливот на работна сила е се поактуелен на сите нивоа и земјата се соочува со недостиг од секаков вид на кадар, беше општата констатација. Неколку клучни поенти кои ги нотираа компаниите беа:

Државата да даде комплетна поддршка на процесот на комплетно стручно образование. Во таа насока размислувањата се дека е потребно да се поддржи финансирање на стручно образование наспроти гимназиско врз основа на вработливост.

Практичната обука во фирмите освен што е задолжителна да биде контролирана, а учениците а тоа да добиваат сертификат. Да се направи и поголема контрола, професорите за пракса од училиштата да бидат континуирано присутни при реализирање на практичната бука во компаниите.

Не постои начин како да се задржат потенцијалните работници и ученици иако истите и се стипендираат или се вложува во нив за преквалификација или доквалификација

Се иницираат и предлози како системски да се уреди веќе пензионирани работници да може да се вратат во производните процеси како ментори (бидејќи станува збор за кадар обучен во исклучително професионални услови во минатото и со систем на функционирање кој има стандарди), а и учениците кои се само на пракса без договор за вработување да влеат во системот на заштита при работа кој третира само работници кои се во работен однос. Ова е важно заради случаи при потврда од работа за кои компаниите имаат големи одговорности и се подложни на високи износи на казни и кривични постапки.

За сите овие констатации во следниот период активно ќе се работи на подигнување на капацитетите на бизнис делувањето но и на се поголемо вклучување на компании кои имаат потреба од стручен кадара во своите работни процеси.



# ТРИАГОЛНИКОТ МЕНТОР-УЧЕНИК-КООРДИНАТОР ЗА УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА-АЛАТКА ЗА КВАЛИТЕТНА ПРАКТИЧНА ОБУКА




Квалитетот на практичната обука зависи од правилно функционирање на триаголникот ментор во компанија, ученик и координатор за учење преку работа во стручно училиште. Затоа се потребни подготвени ментори кои го пренесуваат на наједноставен видлив начин своето знаење и искуство на учениците и ги обучуваат да ги стекнат стручните вештини и компетенции за квалификацијата која ја изучуваат на реално работно место, како и подготвени координатори за учење преку работа, кои ќе го подготват и организираат целокупниот процес на реализација на практичната обука и ќе и помага на учениците како да ја реализираат практичната обука. И се разбира, заинтересирани ученици кои одат на практична обука во компанија, а заинтересираноста, пред сè зависи од нивниот интерес и можности за квалификацијата за која се запишале, но и од посветеноста на менторот за нивна обука и од организираноста на процесот за практична обука на координаторот. Стручното образование и обука ги поврзува компаниите/ институциите на кои им треба стручен и квалификуван кадар и стручните училишта кои испорачуваат кадар со стручни вештини.

За таа цел, беше организирана тридневна обука на координаторите за учење преку работа на која беше опфатен и модулот за ИТ професионален контекст на учење преку работа. Во рамките на овој модул, од страна на претставник на Стопанската комора, беше презентиран порталот Пракса (https://praksa.mchamber.mk/) кој претставува алатка за вмрежување на компаниите и стручните училишта за реализација на практичната обука (дуален модел на образование, учење преку работа и феријална практика).

Со користење на порталот Пракса се овозможува:

1. брза комуникација и транспарентност на процесот;
2. подигање на атрактивноста на стручното образование и обука;
3. афирмација на практичната обука на реално работно место за стекнување стручни и практични вештини кај учениците;
4. олеснета соработката помеѓу училиштата и компаниите, но и за учениците и родителите преку преглед на настани, новини, успешни приказни во стручното образование, преглед на сертифицираните ментори и верифицираните компании за реализација на практична обука, како и на координаторите за учење преку работа и преглед на релевантната документација што го покрива стручното образование.



# ДИГИТАЛИЗАЦИЈА: ПРОМОВИРАНА НОВА АЛАТКА ЗА МЕРЕЊЕ НА ДИГИТАЛНАТА ЗРЕЛОСТ НА ГРАДЕЖНИТЕ КОМПАНИИ




Меѓународниот саем за градежништво и градежни материјали „МЕГРА 2024“ кој се одржа во периодот 17-19 април 2024 година, во Горна Радгона, Словенија беше местото каде што и официјално беше промовирана дигиталната алатка за автоматска проценка (DIG-IN-KPI-AAT) на настан организиран од Стопанската комора на Словенија на 18 април 2024 година. Оваа алатка произлезе на иницијатива на Коморите од Словенија, Хрватска и Македонија за поттикување на дигитализација кај компаниите од секторот градежништво и градежни материјали, кои како на ниво ЕУ, така и во Македонија, бележат меѓу најниските нивоа на дигитализација. Оттука во рамките на проектот „Дигиталната трансформација се пробива кон бизнисите – развој на клучни индикатори за перформанси за зголемување на продуктивноста на секторот – DIG-IN-KPI“ беа развиени 55 клучни индикатори за успешност кои систематизирани во 10 области (Дигитална трансформација, проектен дел, список на зафати, финансиска процена, планирање однапред, фактурирање, надгледување на проектните финансии и времето, деловен дел, планови, меѓуоперативност), преку дигитална алатка ќе понудат насоки и конкретни решенија а заврзување на дигиталната трансформација во компаниите како двигател за оперативна извонредност. Структурата на алатката, начинот на пресметка на индикаторите и толкувањето на одговорите беа равиени од компанијата Axis, додека развојот на софтверското решение е производ на компанијата Artcur која развива алатки за автоматска проценка.

Што претставува DIG-IN-KPI AAT

„Дигиталната алатка DIG-IN-KPI AAT го автоматизира процесот на производство на проценки за степенот на дигитална зрелост на градежните компании и проценка на нивото на дигитална зрелост на компанијата. Извештајот кој на крај го добиваат компаниите вклучува визуелизација и темелна интерпретација на резултатите, како и персонализирани препораки кои ќе им помогнат на компаниите да добијат клучни информации во насока на препознавање на објективната состојба на дигитализација и идентификување области за напредок и оптимизација на деловните и производствените процеси“.

Алатката е достапна за користење за сите заинтересирани компании од секторот градежништво и градежни материјали давајќи им насока на компаниите за можностите за подобрување на дигитализацијата на проектите и деловните процеси во компанијата.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**


м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




**Семинар 14.05.2024 - 15.05.2024**

# САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ - ТРАНЗИЦИЈА ОД ISO/IEC 27001:2013 на ISO/IEC 27001:2022

Во ера на дигитализација на работните процеси, дигиталната безбедност и приватноста се соочуваат со растечки предизвици. Оттука, несомнено се наметнува потребата од фокус врз дигиталната безбедност и врз навременото идентификување, пресретнување, како и соодветно и навремено одговарање на ризиците, за да се спречи одреден настан кој би имал негативен исход врз работењето на компанијата.

Компаниите кои се сертифицирани по ISPO/IEC 27001 стандардот за управување со безбедноста на информациите, во насока на обезбедување на континуитет во нивното работење треба да поведат внимание при ресертификација на стандардот, бидејќи истата од 1 мај 2024 година ќе мора да се спроведе според новата верзија ISO/IEC 27001:2022.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија на 14 и 15 мај 2024 година организира „онлајн" семинар на тема „САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ - ТРАНЗИЦИЈА ОД ISO/IEC 27001:2013 на ISO/IEC 27001:2022".

Овој семинар ќе им овозможи на учесниците постепено да се запознаат со барањата на ISO/IEC 27001:2022 кои се разликуваат во однос на барањата на стандардот ISO/IEC 27001:2013, како и со најдобрите практики во рамки на ИТ безбедноста, чекорите кон превенција и заштита, како на ниво на компанија, така и на ниво на поединец.

Некои од прашањата на кои ќе се даде одговор се и како адекватно да се третираат ИТ заканите, кои превентивни и детективни мерки треба да се применат, како да се класифицираат безбедностните ризици и како да се управува со нив, кои се разликите помеѓу ISO/IEC 27001:2013 и ISO/IEC 27001:2022, што се' носи новата верзија на стандардот и како да се имплементираат барањата кои произлегуваат од стандардот.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 15.05.2024**

# ОСНОВИ НА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО КОМПАНИИТЕ – DATA PROTECTION IN A NUTSHELL

Опис на програма:

Обуката на учесниците ќе им овозможи основно запознавање со правилата и обврските за заштита на личните податоци согласно Законот за заштита на личните податоци и подзаконските прописи.

За кого е наменета:

Оваа обука е наменета за потенцијални нови претприемачи, правни лица, како и сите лица што се заинтересирани да стекнат основни знаења за законските прописи и обврските кои произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци и нивната примена во тековното работење во Компанијата.

Од оваа онлајн обука ќе научите:

- Основни дефиниции, концепти и принципи за обработка на личните податоци;
- Кои се Вашите права како физички лица – субјекти на лични податоци;
- Улогата на Контролорот и обработувачот на личните податоци;
- Улогата на Офицерот за заштита на личните податоци и администраторот на информациски систем;
- На кои елементи да обратите внимание при мапирањето на личните податоци – предмет на обработка и креирањето на анализата на ризик
- Што претставуваат интерните политики за системот за заштита на личните податоци;

Предавач: м-р Антонио Велкоски – Адвокат и магистер по право во областа на правото на интелектуална сопственост на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје и Универзитетот во Стразбург, со повеќегодишно искуство во корпоративното право, M&A и правно застапување на Компании во Република Северна Македонија.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**Семинар 16.05.2024**

# ДАЛИ РАБОТНИКОТ МОЖЕ ДА РАБОТИ НАД ПОЛНОТО РАБОТНО ВРЕМЕ КАЈ ДРУГ РАБОТОДАВАЧ?

Стопанската комора на Северна Македонија, на 16.5.2024, организира еднодневна онлајн работилница која ќе одговори на следните прашања: ДАЛИ РАБОТНИКОТ МОЖЕ ДА РАБОТИ НАД ПОЛНОТО РАБОТНО ВРЕМЕ КАЈ ДРУГ РАБОТОДАВАЧ? КАКВА СОГЛАСНОСТ Е ПОТРЕБНА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО РАБОТЕЊЕ? КОИ СЕ ОБВРСКИТЕ НА ПОСТОЈНИОТ РАБОТОДАВАЧ? КАКО СЕ РЕГУЛИРАНИ ПРЕКУВРЕМЕНАТА И НОЌНАТА РАБОТА? КОИ СЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРОБНА И НА СЕЗОНСКА РАБОТА?

Дополнителното работење е законска можност за работниците да остварат поголем фонд на работни часови во неделата од оној предвиден како полно работно време. Но, многу често се создаваат дилеми кај работодавачите во поглед на тоа како формално да се спроведе овој институт, кои документи да се донесат и како да се пријави работникот. Се поставуваат и прашања како од една страна да се заштитени правата на работникот, а од друга да не се наруши неговата продуктивност.

Следејќи ја нишката на одредени специфичности поврзани со работното време и обврските кои тие ги диктираат, ќе ги анализираме прекувремената и ноќната работа, како и прераспределбата на работното време.

Како една од се` поактуелните теми, ќе се посочи и можноста за спроведување пробна работа во склоп на постоечкиот договор за вработување, ќе се потенцира нејзиното времетраење, како и последиците од неуспешното завршување на пробната работа.

Крајно, во делот за сезонската работа, ќе се објаснат сите разлики во работниот однос кои се креираат во процесот на спроведување сезонска работа.

Работилницата ќе има интерактивен пристап со практични објаснувања и примери.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Брокерски настан 16.05.2024**

# Покана за учество на меѓународни Б2Б состаноци од области на синиот раст, заштита на животната средина, одржлив туризам и социјална кохезија

Хрватската стопанска комора (https://hgk.hr), заедно со коорганизаторите Стопанската комора на Северна Македонија и со поддршка на Enterprise Europe Network-EEN (https://www.een.hr/, https://een.ec.europa.eu/), EUSAIR Facility Point организира меѓународни B2B состаноци за време на вториот ден од 9-тиот форум на ЕУ Стратегија за Јадранскиот и Јонскиот регион - EUSAIR https://www.adriatic-ionian.eu/, под претседателство на Република Хрватска.

Овој брокерски настан обединува мали и средни претпријатија, истражувачки институции, универзитети, развојни организации, здруженија и други организации од десет (10) земји на EUSAIR (Италија, Сан Марино, Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Северна Македонија, Грција и Албанија).

Овие B2B состаноци во рамки на форумот претставуваат единствена можност да се најдат партнери или нови контакти за деловна, технолошка и проектна соработка насочена кон поврзување на регионите, подобрување на квалитетот и заштитата на животната средина, како и областите на синиот раст, квалитет на животната средина и заштита на животната средина, одржливиот туризам и зголемената социјална кохезија.

Искористете ја можноста бесплатно да учествувате на B2B состаноците што се одржуваат на 16.05.2024 година, од 10:00 -13:00 часот, (само со физичко присуство) во Шибеник.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

**Семинар**
**20.05.2024**

# МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?

Во услови кога голем број компании се соочуваат со недостиг од квалификувани и мотивирани вработени, евидентна е потребата од нови начини за мотивација и задржување на постоечките и новите членови во тимот. Перцепцијата на компаниите е дека новите вработени доаѓаат со работни навики и барања од менаџментот кои се "нелогични" и неоправдани, дека ги мотивира само платата и условите на работното место, дека лесно заминуваат за подобри услови. Од друга страна пак, лицата кои бараат вработување, особено младите, имаат перцепција дека во компаниите сеуште се применуваат застарени принципи на организација и раководење, дека недостига грижа за вработените, особено при воведот на работното место и вклопувањето во работната средина.

Новите генерации вработени, особено најновата тн. Gen.Z, (родени во периодот 1997-2012), имаат поинакви очекувања и потреби од работното место од оние на претходните генерации. Оваа нова Gen Z е порасната во ерата на интернетот и социјалните медиуми, со брз пристап до информации и очекувања за исто така брза примена на новите технологии на работното место. За многу компании со воспоставени системи на управување се очекува авторитетот да дојде од позицијата, а не од компетенциите на личноста на таа позиција, што креира средина во која новите, млади лица не се пронаоѓаат или не остануваат долго.

За таа цел Стопанската комора на Северна Македонија на 20 мај 2024 година организира семинар на тема: „МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?". На интерактивниот семинар ќе бидат споделени увидите од неколку интернационални студии и истражувања на оваа тема, како и искуствата на консултантите од работата со компаниите во Македонија и регионот. Низ интерактивните сесии ќе истражиме како овие концепти може да се применат во вашата компанија.

Контакт лица:

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk



**Семинар**
**21.05.2024**

# ФИНАНСИСКО МОДЕЛИРАЊЕ И СЦЕНАРИО АНАЛИЗА СО ПРИМЕНА НА ЕКСЕЛ

Целта на обуката е да прикаже како се креираат динамички финансиски модели, кои опфаќаат три меѓусебно поврзани финансиски извештаи: биланс на успех, биланс на состојба и извештај за парични текови.

Динамичките финансиски модели се користат за финансиско планирање, вреднување на инвестициони проекти, вреднување на компании (со користење на DCF – discounted cash flow модели), спојувања и припојувања (M&A), левериџирани превземања (LBOs), како и финансиски анализи (сценарио анализа, анализа на чувствителноста) и сл.

За таа цел се користи екселот, кој е извонредна алатка за планирање и предвидување на идните финансиски текови прикажани преку плански финансиски извештаи. Со него може да се изготват динамички, меѓусебно линкувани финансиски извештаи, кои резултираат со детален преглед на идните парични текови.

Станува збор за обука со која се создава софтвер за финански извештаи. Изработката на динамичките финансиски модели не е алтернатива, туку базична потреба за секоја "start-up", но и зрела компанија. Истите опфаќаат актуелни парични текови и финанско предвидување.

Целта на обуката е да се креира комплетен документ (софтвер) за идните финансиски извештаи на компанијата, од кои јасно може да се согледа идното работење на компанијата. Ова е особено важно за анализа на профитабилноста на идеата за отворање на нов бизнис.

Овој семинар обезбедува рамка за разбирање на процесот на финансиско предвидување, контрола и буџетирањето, со користење на напредни Ексел алатки – во функција на создавање на информациски систем за финансиско предвидување, планирање и контрола.

Овој онлајн семинар ќе ви помогне во донесувањето на вистински деловни одлуки.

Контакт лица:

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

# СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

102
*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088